Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4243/1
14.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Тетово

## Содржина

Вовед ... 3

Постојна понуда ... 4

Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот ... 7

Заклучок ... 10

## Вовед

Оваа студија е изработена со цел да се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на територијата на Општина Тетово.

На 12.02.2024 година, заинтересирана страна достави до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) Барање за добивање дозвола за музичко радио во Тетово, во кое е наведено дека радиото ќе има за цел да забавува со музика од сите жанрови, да информира и истовремено да има социо-културна цел.

Имајќи го предвид доставеното барање, АВМУ побара од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) информација за можна слободна радиофреквенција на подрачјето на Тетово, како и технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничкото решение за емитување радиопрограма на ова подрачје. На 04.03.2024 година, АЕК извести дека постои можност за доделување фреквенција за локално радио покривање и дека начелни параметри според кои треба да се изработи техничкото решение за покривање на градот Тетово се следните: Можна локација на предавател: Тетово кале; Ефективна иззрачена моќност: 300 W; Фреквенција: 107.2 MHz.

Со оглед на тоа што на 14 февруари беа распишани избори за претседател на РС Македонија и парламентарни избори (кои се одржаа на 24-ти април и на 8-ми мај), постапката по доставеното барање беше прекината до завршувањето на изборите, односно до изборот на претседател на државата, пратеници во Собранието и изборот на Владата. Откако изборите официјално завршија (на 23.06.2024 година, со објавување во Службен весник на Одлуката за избор на Владата на РСМ), АВМУ побара од подносителот да се изјасни дали сè уште е заинтересиран за добивање дозвола за локално радио на подрачјето на Тетово. Подносителот ја потврди својата заинтересираност на 17.07.2024 година.

Во оваа студија се анализирани постојната понуда на радиостаниците кои емитуваат програма на подрачјето на Тетово, економските перформанси од нивното работење во периодот од 2021 до 2023 година, како и пазарниот потенцијал.

## Постојна понуда

Тетово е општина на чиешто подрачје програма емитуваат најмногу локални радиостаници – дури пет. Според форматот на програмските сервиси, тие припаѓаат на две групи: 1) музичко-говорни радија од општ формат и 2) говорно-музичко радио со претежно забавен општ формат.

Музичко-говорни радија од општ формат се радиостаниците Блета, Кисс, Радио 7 и Ред ФМ. Според „Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите[1]", тоа значи дека застапеноста на говорните содржини во нивната вкупна неделна програма е над 5% до 15% и дека емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица.

Говорно-музичко радио со претежно забавен општ формат е радиостаницата Плус Форте. Радијата со ваков формат можат во текот на неделата да емитуваат над 15% до 25% говорни содржини кои исполнуваат претежно забавна функција, а која не смее да биде застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.




Говорните содржини на програмскиот сервис на РА Кисс и на РА Плус Форте се емитуваат на македонски јазик, а на РА Блета, Радио 7 и РА Ред ФМ на албански јазик.

[1] Правилникот е достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf

**Структура на говорните содржини во текот на неделата**

| Видови програми | | Времетраење по вид програма (часови и минути) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РА Блета | РА Кисс | РА Плус Форте | РА 7 | РА Ред ФМ |
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 01:30:00 | 04:00:00 | 02:00:00 | 05:00:00 | 03:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма | | | | | 01:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | | | | |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | 04:30:00 | | | | 01:00:00 |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | | | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | | | | |
| | Информативни магазини | | | | | |
| | Специјализирани информативни емисии | | | | | |
| | Информативно-забавна програма | | | 10:00:00 | | 01:00:00 |
| | Инфо-сервис | | 01:00:00 | | | |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | | | | | 02:00:00 |
| | Друга информативна програма | | | | 01:00:00 | |
| | **ВКУПНО** | **06:00:00** | **05:00:00** | **12:00:00** | **06:00:00** | **08:00:00** |
| Образовна функција | Образовна програма | | | | | 00:30:00 |
| | Образовно-забавна програма | 00:30:00 | | | | |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | | | | |
| | Документарна програма | | 02:00:00 | | 00:15:00 | |
| | Документарно-забавна програма | 00:30:00 | | | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | 00:30:00 | | | 00:30:00 | 01:00:00 |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | | | | |
| | Друга образовна програма | | | | 00:45:00 | |
| | **ВКУПНО** | **01:30:00** | **02:00:00** | **00:00:00** | **01:30:00** | **01:30:00** |
| Забавна функција | Забавно-информативна | | 13:00:00 | 05:00:00 | | 04:00:00 |
| | Забавна говорна шоу програма | 04:30:00 | | | | 01:00:00 |
| | Забавно-образовна програма | | | | | |
| | Забавно-документарна програма | | | | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | | | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | | | | 01:00:00 | 01:00:00 |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | | | 00:30:00 | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | | | | 12:00:00 | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | | | | |
| | Друга забавна програма | | | 10:00:00 | 01:30:00 | 01:30:00 |
| | **ВКУПНО** | **04:30:00** | **13:00:00** | **15:00:00** | **15:00:00** | **07:30:00** |

Сите пет радиостаници во програмските концепти кои ги доставиле во АВМУ во 2014 година пријавиле дека ќе емитуваат програми што ќе третираат локални настани, односно настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на Тетово, и тоа: РА Блета пријавила пет часа (по еден час програми со информативна и образовна функција и три часа програми со забавна функција), РА Кисс шест часа (сите со информативна функција), а РА 7, РА Плус Форте и РА Ред ФМ по два часа (при што кај РА 7 и РА Плус Форте двата часа се програми со информативна функција, а кај РА Ред ФМ еден час е со информативна и еден со забавна функција). Според извештаите за спроведување на обврските утврдени во дозволите за радиоемитување, вакви програми во 2023 година емитувале три од петте радија – Блета, Радио 7 и Плус Форте. Покрај вести, на програмскиот сервис на РА Блета се емитуваше емисијата „СМС со вас“, која остварува забавна функција, Радио 7 ја емитуваше емисијата „Аром Шќиптаре“, која има информативна функција, а РА Плус Форте емисиите „Утринска програма“ и „Чешит шоу“ – од кои првата има информативна, а втората забавна функција.

Радиостаниците заедно пријавиле 657 часа и 30 минути музика неделно. Во 2023 година тие емитувале вкупно 628 часа и 10 минути.

**Времетраење на пријавената музика во текот на една недела (во часови)**




Според програмските концепти, освен кај РА Плус Форте кое пријавило дека ќе емитува исклучиво поп музика, понудената музичка програма кај останатите радија се карактеризира со голема разновидност, односно постоење на различни музички жанрови.

**Структура на планираната музика (неделно – согласно програмските концепти)**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | РА Блета | РА Кисс | РА Плус Форте | РА 7 | РА Ред ФМ |
| Народна | Традиционална | | 30% | | 22.90% | 15% |
| | Етно/World music | 5% | 5% | | | 5% |
| | Новосоздадена народна музика | 5% | 45% | | 53.40% | 5% |
| | ***Вкупна народна музика*** | ***10%*** | ***80%*** | ***0%*** | ***76.30%*** | ***25%*** |
| Популарна (забавна) | Поп | 69% | 20% | 100% | 11.45% | 25% |
| | Џез | | | | | 5% |
| | Блуз | 4% | | | | 5% |
| | Рок/Рок енд рол | 7% | | | 11.45% | 15% |
| | Електронска музика/техно | 10% | | | | 20% |
| | ***Вкупна забавна музика*** | ***90%*** | ***20%*** | ***100%*** | ***22.90%*** | ***70%*** |
| Класична | | | | | | 5% |
| Духовна | | | | | 0.80% | |
| | **Вкупна музика** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

Во 2023 година, емитуваната музика на РА Блета била исто како што е пријавено во програмскиот концепт – 90% популарна и 10% забавна. Кај останатите радиостаници имало отстапувања во однос на процентуалната застапеност на видовите музика, и тоа: РА Кисс емитуваше 60% народна и 40% забавна музика, РА Плус Форте 80% забавна и 20% народна, РА 7 – 79% забавна, 7% народна и 14% класична музика и РА Ред ФМ 100% забавна музика.

## Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот

Вкупните приходи што ги оствариле овие пет радиостаници во 2023 година изнесувале 6,97 милиони денари. Во 2022 година тие заедно оствариле 4,06 милиони денари, а во 2021 година 5,42 милиони денари. Во секоја од последните три години, Радио 7 остварувало највисоки вкупни приходи, а РА Ред ФМ најниски.

Во 2021 година, најмногу приходи секоја од радиостаниците остварила од продажба на времето за рекламирање. Во 2022 и 2023 година рекламирањето било главен извор на приходи за четири од петте радија.

Потенцијални корисници на рекламниот простор што го нудат петте радија се локалните активни деловни субјекти, односно оние што работат на подрачјето на Тетово. Вкупниот број на активни

претпријатија во Тетово во 2021 година изнесувал 3.699, а во 2022 година 3.716[2]. Од нив, 35% се од секторот – Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли[3].

**Движење на вкупните приходи на радиостаниците во последните три години**




И покрај значајниот број на деловни субјекти (Тетово е општина со најголем број активни деловни субјекти), рекламните буџети на компаниите се намалувале од година во година, што е видно од континуираниот пад на заедничките приходи од рекламирање што ги остварувале радиостаниците Поточно, од продажба на времето за рекламирање во 2021 година биле 80% од вкупните приходи на радијата, во 2022 година 73%, а во 2023 година 41%.

Во 2023 година РА Блета и РА 7 оствариле пониски приходи од реклами во однос на 2022 година, и тоа РА Блета за 7%, а РА 7 за 69%. Кај останатите радиостаници имало зголемување, при што позначаен пораст имало само кај РА Ред ФМ, додека кај РА Кисс и РА Плус Форте износот остварен од реклами незначително се зголемил.

---

[2] Ова се последни достапни податоци на веб страницата на Државниот завод за статистика, достапни на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/400_Delovni_Reg_Ops_Golemina_Vraboteni_ml.px/table/tableViewLayout2/

[3] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/425_Delovni_Reg_Ops_NACE_ml.px/table/tableViewLayout2/

**Вкупни приходи и приходи од реклами во последните три години**

| | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупни приходи | приходи од реклами | вкупни приходи | приходи од реклами | вкупни приходи | приходи од реклами |
| РА Блета | 1.61 | 1.07 | 0.96 | 0.82 | 1.53 | 0.76 |
| РА Кисс | 0.71 | 0.33 | 0.75 | 0.42 | 0.89 | 0.51 |
| РА Плус Форте | 0.67 | 0.67 | 0.64 | 0.64 | 1.64 | 0.77 |
| РА 7 | 1.99 | 1.94 | 1.46 | 0.99 | 2.42 | 0.31 |
| РА Ред ФМ | 0.44 | 0.33 | 0.25 | 0.11 | 0.49 | 0.49 |
| вкупно | **5.42** | **4.34*** | **4.06** | **2.98** | **6.97** | **2.84** |

*во овој износ се вклучени и приходите од платено политичко рекламирање што ги оствариле радијата, во износ од 0,41 милион денари

Заедничкиот финансиски резултат од работењето на радиостаниците во 2023 година била добивка од 0,71 милион денари, што е незначителен износ ако се има предвид дека станува збор за дури пет субјекти. Речиси 80% од вкупниот износ била нето добивката што ја остварило Радио 7 во висина од 0,56 милиони денари, додека добивката на другите четири радиодифузери била многу мала.

**Финансиски резултат од работењето во последните три години**
**(во милиони денари)**

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| РА Блета | 0.37 | 0.01 | 0.01 |
| РА Кисс | 0.06 | 0.00 | 0.02 |
| РА Плус Форте | 0.21 | 0.01 | 0.11 |
| РА 7 | 0.31 | -0.15 | 0.56 |
| РА Ред ФМ | -0.04 | 0.01 | 0.01 |
| вкупно | **0.91** | **-0.12** | **0.71** |

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во 2021 година, вкупниот број на резидентно население на територијата на Општина Тетово изнесува 84,770[4] жители. Најголем дел од нив се од албанска националност - 71% (60,460 лица), а 18% (15,529 лица) се од македонска националност.

[4] Податоците се достапни на веб страната на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

## Заклучок

Тетово е општина со најмногу локални радиостаници во Македонија - пет радиодифузери имаат дозвола да емитуваат радиопрограма на ова подрачје.

Поднесеното барање се однесува за музичко радио *„кое ќе има за цел да забавува со музика од сите жанрови“.*

Четири од петте локални радија во Тетово се музичко-говорни радија, а едно е говорно-музичко радио. Тие заедно пријавиле 657 часа и 30 минути музика неделно и тоа од сите видови музика (народна, популарна, односно забавна, класична и духовна). Во 2023 година, овие пет радиостаници емитувале вкупно 628 часа и 10 минути музика неделно.

Анализата на податоците за економското работење покажа дека приходите од продажба на времето за рекламирање на овие пет радиостаници во континуитет се намалувале од 2021 година наваму.

Имајќи ги предвид наодите од анализата на постојната понуда и анализата на економските перформанси на радиостаниците во последните три години, заклучокот што произлегува од оваа Студија е дека **не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Тетово.**

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

________________________
д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ